Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

18-742/2 03-03-2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот Ана Попова Манасиевска, проект IPA Care, поднесено на 25.02.2026 година по електронска пат, имателот на информацијата Министерството за локална самоуправа, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од Ана Попова Манасиевска, **се уважува.**
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Министерството за локална самоуправа од страна на Ана Попова Манасиевска, е доставено Барање во електронска форма. Со барањето се побарани следните податоци:

**„Ниво на приход за населението на работоспособна возраст (18-65) на ниво на општина, месечна или годишна бруто плата и по жител. “**

Министерството за локална самоуправа го разгледа Барањето во согласност со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 60/20). Барањето информации од јавен карактер е доставено во електронска форма, и согласно член 15 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер истото се смета за писмено барање од член 14 на истиот закон.

Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

По поднесеното барање, Министерството за локална самоуправа, ги доставува следните информаци:

-Министерството за локална самоуправа не располага со бараните информации за ниво на **приход за населението на работоспособна возраст (18-65) на ниво на општина, месечна или годишна бруто плата и по жител.**

**За потребите на Министерството за креирање политики за рамномерен регионален и за локален развој, Министерството за локална самоуправа користи официјални податоци од Државниот завод за статистика, кој што продуцира податоци за бруто домашен производ (БДП) само на ниво на држава и на ниво на плански региони.**

**Во фаза на подготовка е општински развоен индекс, што како индикатор за степен на развиеност на секоја општина одделно многу ќе помогне во креирањето на политиките и мерките за рамномерен развој на планските и во планските региони, а веројатно ќе биде корисен и во имплементацијата на голем број на проекти.**

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението. Решено во Министерството за локална самоуправа на ден 06.08.2025 година

**МИНИСТЕР**
**М-р Златко Перински**

Службено лице:
М-р Ели Чакар

Одобрил:
Државен секретар
М-р Јулијана Павковска Боцевска